Врз основа на член 156, 157, 158, 159, 160, 164-б и 164-в и 164-г од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Согласност за вработување од Министерството за финансии бр. 18-6501/2 од 13.06.2023 година и Одлука за објавување на јавен оглас од 2023 година, Директорите на клиниката на ден 27.07.2023 година објавуваат

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**

за вработување на 3 (три) доктори на медицина, на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје

1. ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје распишува Јавен оглас за вработување на:

   **1.1 3 (три лица) доктори на медицина**

2. Кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови** предвидени со Законот за здравствената заштита:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

3. Покрај со закон утврдените општи услови кандидатите треба да ги исполнуваат следните **посебни услови**:

**За кандидатите од точка 1.1.**

- завршено високо образование со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен (VII/1) Медицински факултет,
- положен стручен испит,
- лиценца за работа,
- постигнат просечен успех од сите предмети на универзитетски студии кои ги завршил кандидатот од најмалку осум (во натамошниот текст: просечен успех),
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, германски или француски) и активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење,
- со и без работно искуство,
- кандидатите кои имаат завршено прв, втор или трет циклус на студии од областа на медицинските науки на еден од 100 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking-ARWU (Academik Rankinking of World Universities) не треба да ги исполнуваат посебните услови од точка 3 од овој оглас, ниту пак за нивното вработување се спроведува постапка за селекција на кандидат,
- работно време од 40 часа неделно и основна нето плата 40.639,00 денари.

4. Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги доставаат следните документи:

**за кандидатите од точка 1.1**

- пријава со податоци за контакт,
- кратка биографија (CV),
- уверение за државјанство на РСМ, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- лекарско уверение, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар (за засновање на работен однос – Образец 1),
- диплома или уверение со просечен успех, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- уверение дека не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност

или должност, не постаро од 6 месеци (оригинал или фотокопија заверена на нотар),
- уверение за положен стручен испит, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- лиценца за работа, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски),
- доказ за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- кандидатот кој ќе достави диплома за завршен медицински факултет во странство, должен е да достави нострификација на дипломата и еквиваленција на успехот.

**5.** Рокот за пријавување на јавниот оглас е 7 (седум) дена од денот на објавувањето, а постапката ќе се спроведе согласно Закон за здравствена заштита.

**6**. Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

**7**. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се достават до ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје ул. Водњанска бр. 17 Скопје, по пошта или во архивата на Универзитетската клиника со назнака за Јавен оглас за вработување.

**ЈЗУ Универзитетска клиника**
**за кардиологија Скопје**

-